РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија
Бр. 01-188/17-1
11.07 2017 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА**

ул. „Кеј Димитар Влахов“ бр.4, Скопје (стара зграда на Комерцијална банка)

тел. 02/32 84 144; email: sovetzafakti@gmail.com

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2017 ГОДИНА

**Скопје, 06.07.2017 година**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2017 ГОДИНА

Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија е основан со Указ за прогласување на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија што Собранието на Република Македонија го донесе на седница одржана на 11 февруари 2015 година, а е издаден од Претседателот на Република Македонија и Претседателот на Собранието на Република Македонија. Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија е објавен во Службен весник на Република Македонија број 20 од 12.02.2015 година,а согласно член 53 од истиот, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување, а ќе започне да се применува по истекот на три месеци од денот на влегувањето во сила.

Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија ( во натамошниот текст : Советот за утврдување на факти) се основа заради утврдување на факти и донесување на одлука за потребата од доставување на барање за покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд пред Судскиот Совет на Република Македонија, согласно член 2 од Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија (Службен весник на РМ, бр.20 од 12.02.2015 година). Советот за утврдување на факти е самостоен и независен орган.

Советот за утврдување на факти е конституиран на 17.12.2015 година, на која седница за Претседател на Советот е избран Сашо Поцевски, а за заменик Претседател на Советот е избран Фатон Пачуку. Со работа Советот започна во март 2016 година само со избраните членови, а административната служба започна да функционира од 20.06.2016 година.

Согласно член 32 од Законот за Советот за утврдување на факти, Советот е надлежен :

- да расправа поединечно по сите претставки и поплаки поднесени од граѓаните, правните лица, претседатели на судови за работата на судиите или претседатели на судови, како и за одолжување на судските постапки, како и по допрен глас или други добиени сознанија за работата

на судиите или претседатели на судови ( во натамошниот текст : иницијатива ) ;

- да прибавува податоци и докази кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со наодите во иницијативата ;
- да прибавува податоци и доказите кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со наодите во иницијативата кои се наоѓаат кај државен орган, орган на единицата на локалната самоуправа или кај физичко или правно лице на кое му е доверено вршење на јавни овластувања, кои се должни без надомест да ги доставaт до Советот во рокот определен во барањето ;
- да врши непосреден увид во судски списи и други списи и досиеја кои се од интерес на Советот за утврдување на фактите во врска со наодите во иницијативата ;
- да ги разгледува извештаите на Судскиот Совет на Република Македонија за работата на судиите и судовите во Република Македонија;
- да поднесува барање за поведување на постапка за одговорност на судија или претседател на суд до Судскиот Совет на Република Македонија ;
- да го застапува барањето за поведување на постапка за одговорност на судија или претседател на суд пред Судскиот Совет на Република Македонија ;
- да изготвува годишен извештај за работите од своја надлежност кој го објавува на веб страницата на Советот, најдоцна до 1 февруари во тековната година за предходната година и
- врши други надлежности утврдени со закон.

Од причина што Советот за утврдување на факти нема своја веб страна, Годишниот извештај за работата на Советот за 2016 година беше усвоен на 6-тата (шестата) одржана седница на Советот во 2017 година, на ден 31.01.2017 година, во законски предвидениот рок, па истиот беше испратен до сите медиуми на нивно запознавање, на 07.03.2017 година.

Советот за утврдување на факти, со цел да биде што е можно потранспарентен, изготви и достави квартален извештај за своето работење, за временскиот период од 1 јануари до 31 март 2017 година, кој извештај беше усвоен на 26 (дваесетишестата) седница на Советот, а истиот ден беше доставен до сите медиуми и заинтересирани институции.

Токму од погоре наведените причини, а воедно водени од истата цел, Советот за утврдување на факти си зеде за обврска и го изготви овој полугодишен извештај за својата работа, извештај во кој е опфатено работењето и постапувањето по примени иницијативи во временскиот период од 1 јануари до 30 јуни 2017 година, како и по иницијативи кои останале во работа од предходната 2016 година.

Советот за утврдување на факти согласно законските одредби, работите од своја надлежност ги разгледува и за нив одлучува на седница, која задолжително се одржува најмалку еднаш во текот на една работна недела, на која раководи

Претседателот на Советот. Во текот на извештајниот период во 2017 година Советот има одржано вкупно **41 седница** на кои е расправано за поднесени иницијативи, формирање на Комисии кои ќе имаат надлежност да утврдат факти во врска со изнесените наводи во иницијативата и да одлучат по изготвените извештаи на Комисиите за поднесување на барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, или за одбивање на поднесената иницијатива како неоснована. На месечно ниво, одржани се :

- Во месец јануари – 6 седници ;
- Во месец февруари – 7 седници ;
- Во месец март – 10 седници ;
- Во месец април – 6 седници ;
- Во месец мај – 6 седници ;
- Во месец јуни – 6 седници.

Постапка за утврдување на факти за одговорност на судија или претседател на суд се поведува во рок од 6 (шест) месеци од денот на осознавање на сторената повреда, но не подолго од 3 (три) години од денот на сторување на повредата.

Советот за утврдување на факти во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2017 година постапувал по вкупно 296 иницијативи и тоа по 63 пристигнати иницијативи во текот на 2016 година кои останале во работа, 10 предмети формирани во 2016 година кои останале за решавање во текот на 2017 година кои биле ДОВ предмети и 223 иницијативи кои пристигнале во Советот во спомenатиот период.

| **Предмети по кои постапувал Советот во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2017 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети кои останале во работа од 2016 година** | ДОВ предмети кои останале во работа од 2016 година | Иницијативи примени во период од 1 јануари до 30 јуни 2017 година |
| **63** | **10** | **223** |
| | | **Вкупно : 296** |

По добивање на Иницијативата, Советот определува член од Советот за известител, кој по разгледување на Иницијативата доставува извештај дали конкретната иницијатива е навремена, дозволена, целосна и основана. На седница на Советот расправа и иницијативата ќе се отфрли, ако е поднесена за дејствие на судијата кое не претставува повреда на судија, ако настапила застареност или ако е поднесена од неовластено лице, односно доколку се најде дека иницијативата е ненавремена, нецелосна, неоснована или недозволена и за тоа ќе биде известен подносителот на иницијативата.

Од поднесените иницијативи до Советот во текот на предходната 2016 година, дел од нив останале во работа и во 2017 година, и тоа 63 предмети и 10 ДОВ

предмети кај кои е прифатена Иницијативата и е формирана Комисија за утврдување на фактите, но во текот на извештајниот период најголем дел од овие предмети беа решени.

| ***Предмети од 2016 година кои останале во работа во 2017 година*** | | |
|---|---|---|
| ***Решени во 2016 година*** | | ***Вкупно*** |
| **Неосновани** | **42** | **49** |
| **Недозволени** | **1** | |
| **Со Резолуција** | **6** | |
| ***Предмети за кои се формирани комисии во 2017 година – ДОВ предмети*** | | ***Вкупно*** |
| ***Одлучено е иницијативата да се одбие*** | **4** | **7** |
| ***Предмети кои што се во работа*** | **2** | |
| ***Поднесено барање до Судски Совет на РМ*** | **1** | |
| ***Предмети за кои се формирани комисии во 2016 година – ДОВ предмети*** | | ***Вкупно*** |
| ***Одлучено е иницијативата да се одбие*** | **7** | **10** |
| ***Предмети кои што се во работа*** | **3** | |
| ***Предмети кои што се во работа во 2017 година*** | | **7** |
| ***Вкупно*** | | **73** |

Иако во најголем дел од останатите предмети заведени во Советот за утврдување на факти во 2016 година во текот на 2017 година се веќе решени и тоа во најголем дел се отфрлени како неосновани, како предмети во работа за кои Советот останува да донесе одлука се преостанати уште 7 иницијативи.

Во Советот, во текот на 2017 година во периодот од 1 јануари до 30 јуни, пристигнале вкупно **223 иницијативи**, и тоа прикажано на месечно ниво :

| **Примени Иницијативи во Советот за утврдување на факти во период од 1 Јануари до 30 Јуни 2017 година**<br><br>**223 Иницијативи** | |
|---|---|
| **1. Јануари** | **14** Иницијативи |
| **2. Февруари** | **53** Иницијативи |
| **3. Март** | **54** Иницијативи |
| **4. Април** | **25** Иницијативи |
| **5. Мај** | **35** Иницијативи |
| **6. Јуни** | **42** Иницијативи |

Од вкупно примените Иницијативи во текот на споменатиот период во 2017 година, најмногу се однесувале за неправилности во работата на судии во Основен суд Скопје 2 Скопје, потоа следуваа Иницијативи за работата на судии во Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Охрид, а за судиите во Основен суд Делчево не е пристигната ниту една иницијатива за сторена неправилност во нивната работа.

| ***Суд*** - | ***Број на предмети*** |
|---|---|
| ***Врховен суд на РМ*** | ***8*** |
| ***Виш Управен суд на РМ*** | ***4*** |
| ***Управен суд на РМ*** | ***13*** |
| ***Апелационен суд Скопје*** | ***13*** |
| - ***Основен суд Скопје 1 Скопје*** | ***19*** |
| - ***Основен суд Скопје 2 Скопје*** | ***33*** |
| - ***Основен суд Велес*** | ***4*** |
| - ***Основен суд Гевгелија*** | ***1*** |
| - ***Основен суд Кавадарци*** | ***5*** |
| - ***Основен суд К. Паланка*** | ***1*** |
| - ***Основен суд Кратово*** | ***3*** |
| - ***Основен суд Куманово*** | ***7*** |
| - ***Основен суд Неготино*** | ***1*** |

| | |
|---|---|
| **Апелационен суд Битола** | **4** |
| - **Основен суд Битола** | **10** |
| - **Основен суд Крушево** | **1** |
| - **Основен суд Охрид** | **19** |
| - **Основен суд Прилеп** | **5** |
| - **Основен суд Ресен** | **1** |
| - **Основен суд Струга** | **4** |
| **Апелационен суд Штип** | **6** |
| - **Основен суд Берово** | **2** |
| - **Основен суд Виница** | **1** |
| - **Основен суд Делчево** | **0** |
| - **Основен суд Кочани** | **5** |
| - **Основен суд Радовиш** | **1** |
| - **Основен суд С. Николе** | **1** |
| - **Основен суд Струмица** | **4** |
| - **Основен суд Штип** | **2** |
| **Апелационен суд Гостивар** | **6** |
| - **Основен суд Гостивар** | **13** |
| - **Основен суд Тетово** | **7** |
| - **Основен суд Кичево** | **12** |
| - **Основен суд Дебар** | **4** |
| **Друго** | **3** |
| **Вкупно:** | **223** |

Од примените Иницијативи во 2017 година, повеќе од половината од пристигнати иницијативи се веќе решени и се известени подносителите, а сосема мал дел е останат во работа. За 5 предмети, Советот на седница одлучил дека иницијативата е основана и биле формирани комисии.

| **Постапување на Советот за утврдување на факти по иницијативи примени во 2017 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Решени во 2017 година*** | | ***Предмети за кои се формирани комисии во 2017 година – ДОВ предмети*** | | ***Предмети во работа*** | |
| **Неосновани** | **153** | **Одлучено е иницијативата да се одбие** | **3** | **Предмети за кои е испратено известување до прет. на судот** | **2** |
| **Недозволени** | **9** | | | | |
| **Нецелосни** | **8** | **Предмети кои што се во работа** | **1** | **Предмети за кои се побарани списите на увид во Советот** | **8** |
| **Ненавремени** | **6** | **Поднесено барање до Судски Совет на РМ** | **1** | **Предмети по кои се постапува** | **25** |
| **Со Резолуција** | **7** | | | | |
| ***Вкупно*** | ***183*** | ***Вкупно*** | ***5*** | ***Вкупно*** | ***35*** |
| ***Вкупно се постапувало во:*** | | | | ***223*** | |

Советот, согласно Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, доколку ја прифати иницијативата, од своите редови формира Комисија во состав од претседател и два члена за утврдување на фактите, а се определува и заменик на претседателот на Комисија и заменик на членовите на Комисијата.

Постапката за утврдување на факти е итна и од доверлив карактер, па истата се води без присуство на јавноста, со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот, водејќи сметка за заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци. Единствено по барање на судијата или претседателот на судот Советот ќе одлучи постапката да се води со присуство на јавноста. До Советот за утврдување на факти пристигнато е 1 (едно) Барање постапката да се води со присуство на јавност, кое барање Советот на седницата одржана на 07.02.2017 година го прифати и го дозволи истото, па расправата на Комисијата за утврдување на одговорност на 14.02.2017 година беше одржана со присуство на јавноста. До Советот за утврдување на факти

во текот на 2017 година не е пристигнато друго барање од судија или претседател на суд кој бил повикан на расправа во Советот истата да се одржи со присуство на јавноста.

Прифатената иницијатива и доказите се доставува лично до судијата или претседателот на судот против кој е поднесена иницијативата, по што судијата може писмено да одговори на наводите изнесени во иницијативата или да даде усна изјава на записник во рок од 8 (осум) дена од добивањето на иницијативата, воедно ги доставува сите докази врз основа на кои го заснова својот одговор, а исто така има право на бранител којшто самиот го известува и го обезбедува за расправата.

Со барање Комисијата прибавува податоци и докази кои се од интерес за утврдување на фактите за одговорност на судија, па се закажува расправа на која Комисијата работи во полн состав, на која се изведуваат прибавените и приложени докази од подносителот на иницијативата, од судијата или претседателот на судот и доказите кои ги прибавила Комисијата.

Во рок од 10 (десет) дена по завршување на расправата Комисијата поднесува извештај за утврдените факти и дава предлог за поднесување на барање за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд до Судски Совет на Р.Македонија за што Советот треба да донесе Одлука на седница, или Советот ќе ја одбие иницијативата како неоснована заради непостоење на докази дека судијата ја сторил повредата согласно закон. Доколку се донесе Одлука за поднесување на барање, со заклучок Советот од своите редови определува еден член на Советот да го застапува Советот во постапката за утврдување на одоговорност на судија или претседател на суд пред Судски Совет на Р.Македонија, а таквата Одлука се доставува во рок од 3 (три) дена до судијата или претседател на суд.

Од формираните **ДОВ предмети во текот на 2016 година**, останаа за решавање вкупно **10 (десет) предмети**, па во изминатиот период беа донесени **Одлуки за прифаќање на извештајот на Комисијата и за одбивање на иницијативата и тоа за 7 (седум) ДОВ предмети, а преостанатите 3 (три) ДОВ предмети останати се сеуште во работа.**

Во текот на **2017 година** прифатени се иницијативите и **формирани се 12 (дванаесет) ДОВ предмети кои се во работа. Од овие 12 ДОВ предмети, прифатени се иницијативите за 7 (седум) ДОВ предмети од останатите иницијативи од 2016 година кои беа останати во работа во тековната 2017 година, а 5 (пет) ДОВ предмети се формирање со прифаќање на иницијативите заведени во Советот во текот на 2017 година.**

<table>
<tr><th colspan="5">ДОВ предмети – 2017 година</th></tr>
<tr><td colspan="3">ДОВ предмети за кои е формирана комисија во 2016 година</td><td colspan="2">10</td></tr>
<tr><td colspan="3">ДОВ предмети за кои е формирана комисија во 2017 година</td><td colspan="2" rowspan="3">12</td></tr>
<tr><td colspan="2">ДОВ предмети од иницијативи пристигнати во 2016 година</td><td>7</td></tr>
<tr><td colspan="2">ДОВ предмети од иницијативи пристигнати во 2017 година</td><td>5</td></tr>
<tr><td colspan="3">Вкупно постапување во ДОВ предмети</td><td colspan="2">22</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Одлучено е иницијативата да се одбие</td><td colspan="2">ДОВ предмети за кои е формирана комисија во 2016 година</td><td>7</td><td rowspan="2">14</td></tr>
<tr><td colspan="2">ДОВ предмети за кои е формирана комисија во 2017 година</td><td>7</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Предмети кои што се во работа</td><td colspan="2">ДОВ предмети за кои е формирана комисија во 2016 година</td><td>3</td><td rowspan="2">6</td></tr>
<tr><td colspan="2">ДОВ предмети за кои е формирана комисија во 2017 година</td><td>3</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Поднесено барање до Судски Совет на РМ</td><td colspan="2">ДОВ предмети за кои е формирана комисија во 2016 година</td><td>/</td><td rowspan="2">2</td></tr>
<tr><td colspan="2">ДОВ предмети за кои е формирана комисија во 2017 година</td><td>2</td></tr>
</table>

Во изминатиот период од 1 јануари до 30 јуни 2017 година **е донесена Одлука за поднесување на 2 (две) Барања за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд до Судскиот Совет на Република Македонија.**

Исто така напоменуваме дека во текот на 2016 година, како што е споменато во Годишниот Извештај на Советот за утврдување на факти, до Судскиот Совет на Република Македонија се поднесени 3 (три) Барања за поведување на постапка за

утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, од кои барања Советот има добиено одговор дека 1(едно) од барањата е одбиено.

Доколку се направи анализа за она што е работено од страна на Советот за утврдување на факти за изминатиот период од шест месеци во текот на 2017 година, би се добиле следните резултати :

- Вкупно предмети кои биле во постапување во Советот се **296**, вклучувајќи го бројот од предметите кои останале во работа од 2016 година - 63, бројот на останати ДОВ предмети од 2016 година – 10 и бројот од предметите – иницијативи кои пристигнале во Советот и новоформирани ДОВ предмети во Советот во текот на 2017 година – 223;
  - Вкупен број на решени предмети во Советот во овој период е 248, од кои 183 предмети се решени од иницијативите пристигнати во 2017 година, 49 предмети се решени од предметите што останале во работа од 2016 година, 14 ДОВ предмети кои се решени и е одлучено да се одбие иницијативата и 2 ДОВ предмети за кои е поднесено Барање за поведување на постапка за утврдување одговорност, или изразено во проценти **83,8 %** ;
  - Вкупен број на предмети кои останале за решавање е 48, од кои 35 предмети се во работа од иницијативите кои се пристигнати во 2017 година, 7 предмети се сеуште во работа од предметите кои се останати од 2016 година и 6 ДОВ предметите кои останале во работа или изразено во проценти **16,2 %** ;

Скопје,

06.07.2017 година

**Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија**

Претседател,
Сашо Поцевски

Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, Република Македонија, СКОПЈЕ